Документ за јавна политика

# ЗОШТО ЕВРОПА?

# ЗОШТО СЕГА?

**ИЗДАВА:**

Фондација Отворено општество – Македонија

**ЗА ИЗДАВАЧОТ:**

Фани Каранфилова – Пановска, Извршна директорка

**УРЕДНИЦИ:**

Данче Даниловска - Бајдевска

Кире Миловски

**АВТОР:**

Андреја Стојковски

**ПРЕВОД:**

Абакус

**ЛИКОВНО-ГРАФИЧКО ОБЛИКУВАЊЕ:**

Бригада дизајн

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

341.171.071.51(4-672ЕУ:497.7):005.574

СТОЈКОВСКИ, Андреја
Зошто Европа, зошто сега? : полиси бриф / [автор Андреја Стојковски]. - Скопје : Фондација Отворено општество - Македонија, 2018. - 14 стр. : илустр. ; 21 см

Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-218-277-3

а) Македонија - Европска унија - Зачленување - Отворање на преговори
COBISS.MK-ID 107902218

Документ за јавна политика

# ЗОШТО ЕВРОПА? ЗОШТО СЕГА?

## 5 ПЕТ ПРИЧИНИ ЗОШТО ЕВРОПСКИОТ СОВЕТ ТРЕБА ДА УТВРДИ ДАТУМ ЗА ОТВОРАЊЕ НА ПРИСТАПНИТЕ ПРЕГОВОРИ СО МАКЕДОНИЈА

Автор: **Андреја СТОЈКОВСКИ, ЕВРОТИНК**

## РЕЗИМЕ

Овој Policy Brief произлезе од регионалната конференција „Зошто Европа, зошто сега?“, организирана од Фондацијата Отворено општество – Македонија и Евротинк-Центар за европски стратегии, чиј фокус беше перспективата на регионот за интегрирање во Европската Унија. Конференцијата беше дел од серијата настани организирани по повод одбележувањето на 25-годишнината од постоењето на Фондацијата Отворено општество – Македонија. Овој документ за јавна политика (полиси бриф) ја анализира тековната ситуација со пристапувањето на Македонија во ЕУ, како и состојбите во Европската Унија во однос на проширувањето со државите од Западен Балкан. При анализата на процесот на пристапување на Македонија во ЕУ, документот ја зема предвид состојбата на ЕУ-форија во македонското општество и нивото на јавна поддршка за пристапувањето, како и наодите од **Извештајот** на Европската комисијата објавен во април 2018 година, додека дискусијата за состојбите во Европската Унијата се темели на различни медиумски извештаи, како и на дебатата што се водеше во рамките на **Самитот во Софија** во мај 2018 година, и **Веродостојната стратегија за проширување со Западен Балкан** објавена во февруари годинава. Исто така, овој документ ги користи податоците од анкетните истражувања #Еврометар2017 и #Еврометар2018, како и анализата на трите записи од **ДНЕВНИКОТ за пристапувањето, Компаративната анализа на Извештаите на Европската комисија за Македонија во периодот 2014-2018 год.**, и медиумските написи и официјалните документи на Владата и на Европската Унија. Преку анализа, документот се обидува да одговори на две суштински прашања: **„Зошто Европа?“** и **„Зошто сега?“**, и истовремено нуди список со пет причини зошто Европскиот совет треба да утврди датум за отворање на пристапните преговори со Македонија.

## ЗОШТО ЕВРОПА?

Изборот на новата Влада на 31 мај 2017 година го обележа излезот на земјата од продолжената политичка криза. Во својата „Комуникација за политиката на проширување на ЕУ во 2018 година“,[1] Европската комисија нотира дека Македонија: „...по тешкиот период, [земјата] конечно ја надмина длабоката политичка криза, со поддршка од ЕУ и од меѓународната заедница“.[2] По формирањето, новата Влада го преименува својот втор стратегиски приоритет во „Република Македонија – членка на НАТО и на ЕУ“,[3] со што сигнализираше подлабока, посуштинска промена на ставот и политичката волја за спроведување на долгоочекуваните реформи. Новата Влада ги фокусираше своите активности на постигнување резултати преку реформи во пет клучни области[4]:

1) **веродостојни избори,** што беше постигнато на локалните избори во 2017 година и нотирано во Извештајот на ОБСЕ/ОДИХР набљудувачката мисија за изборите;[5]
2) **подобрен медиумски простор,** со значителни заложби во текот на годината, што беше потврдено во последниот извештај на Фридом Хаус;[6]

1 https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/20180417_strategy_paper_en.pdf
2 Ибид, стр. 1
3 Програма за работа на Владата на Република Македонија за 2017 година, Скопје, август 2017 год., стр. 2, достапно на: http://vlada.mk/sites/default/files/programa/2017-2020/Programa_Vlada_RM_Juni_Dekemvri_2017.pdf
4 Воведно обраќање на Радмила Шеќеринска-Јанковска, министерка за одбрана и заменик премиер во Владата на Република Македонија, на конференцијата „КРЕИРАЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПОЛИТИКИ ВО ПЕРСПЕКТИВА НА ЕВРОПСКАТА ИНТЕГРАЦИЈА“.
5 https://www.osce.org/odihr/elections/fyrom/339261
6 https://freedomhouse.org/country/macedonia

25 години FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

ЕВРОТИНК ЦЕНТАР ЗА ЕВРОПСКИ СТРАТЕГИИ CENTER FOR EUROPEAN STRATEGIES EUROTHINK eurothink.mk

3) **независно судство и владеење на правото,** каде реформите се веќе започнати, но допрва треба да дадат резултати;
4) **good neighbourly relations**, добрососедски односи, каде Македонија веќе го потпиша договорот за пријателство со Бугарија во август 2017 година и го реши долготрајниот спор за името со Грција преку договор постигнат во јуни 2018 година;
5) **подобрени меѓуетнички односи,** област во која постои очигледна потреба за поголеми заложби. Претходните влади активно се противеа на вакви заложби.

Освен тоа, во последната година Владата ги интензивираше меѓународните комуникации на сите нивоа со државите-членки на ЕУ. Фактот дека реформскиот процес се води на отворен, инклузивен и транспарентен начин, поттикна верување во јавноста дека ветувањето за членство во ЕУ и во НАТО не е далечна визија. Напротив, тоа има висок приоритет на владината агенда. Препознавајќи го овој развоен момент, Извештајот на Европската комисија за 2018 година ја користи следнава фраза: „...повторно постои јасна политичка волја за движење напред и се гледа позитивна промена во политичката атмосфера во целото општество, чиешто отсуство беше главната пречка за реформи во последните години...“.[7]

## Оптимисти со искуство или преку искуство

Поради долгите и горчливите искуства од минатото, граѓаните станаа внимателни во своите оценки и реални во своите очекувања, но ги задржаа своите барања. Меѓународните пофалби за долгоодложуваниот напредок на Македонија, на домашен терен, го зголемија нивото на оптимизам кај народот. Сосема разбирливо, денес очекувањата на граѓаните се поголеми и различни од очекувањата што ги имаа пред само една година. Конкретно, резултатите од анкетното истражување **#Еврометар** спроведено во март 2018 година покажуваат дека на прашањето „Според вас, кога Македонија може да очекува влез во ЕУ?“ дури 51,2% од испитаниците очекуваат пристапувањето да се случи во период од десет години. Во ноември 2017 година, само 37,3% од испитаниците имаа исти очекувања, додека во ноември 2016 година процентот на ваквите одговори беше уште понизок. Имено, во ноември 2016 година, 31,9% од испитаниците очекуваа Македонија да ја видат во ЕУ за десет години, што претставува незначително помал процент од процентот на граѓани кои очекуваат да ја видат земјата како држава-членка на ЕУ за период од пет години, кој изнесува 32,9% на анкетното истражување #Еврометар2018.

Преточувањето на очекувањата на граѓаните во јавна поддршка за процесот нè води до истиот заклучок. Имено, во последните пет години поддршката за пристапувањето во ЕУ бележи стабилен раст и покажува тренд на зацврстување со стапка од околу 70%. Анкетата #Еврометар го утврдува тоа преку прашањето: „Како би гласале доколку во недела се одржи референдум со прашањето >**Дали сте за влез на Македонија во ЕУ?**<“, при што во март 2018 година јавната поддршка за пристапувањето во ЕУ изнесуваше 70%, додека 19,10% од испитаниците изјавиле дека би гласале против. Ова претставува стабилен раст споредено со резултатите од 2014 година кога за прв пат почнавме да ја мериме јавната поддршка за членството во ЕУ преку ова прашање.

Постојаното високо ниво на јавна поддршка за пристапувањето во ЕУ, заедно со оптимизмот што постои во земјата, се потребниот ветер во едрата на реформските процеси. Тоа е она што Европската комисија го нарекува позитивна промена во политичката атмосфера во целото општество и што дава перфектен одговор на прашањето **„Зошто Европа?“.**







7 https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/20180417-the-former-yugoslav-republic-of-macedonia-report.pdf

# ЗОШТО СЕГА?

Внатрешните иницијативи за реформи и подобрениот имиџ и позиција на земјата во меѓународната заедница, како и значајните промени во однос на процесот на проширување, на пример, објавувањето на Веродостојната стратегија за проширување со Западен Балкан,[8] бугарското претседателство со Советот на ЕУ и Самитот во Софија ветуваат дека 2018 е **година на шансата.** Од друга страна, отсуството на европска перспектива, заморот од долгата криза во ЕУ, заедно со подемот на популистите и зајакнувањето на нелибералните и авторитарните лидери во некои држави-членки, сериозно го поткопуваат имиџот и влијанието на ЕУ во државите од Западен Балкан. Затоа, потребен е сериозен ангажман од страна на ЕУ за да го поправи имиџот што го гради во последно време, истовремено работејќи на враќање на својот статус како извезувач на демократија и поправање на штетата што ја направија другите глобални играчи во регионот. Ваквиот контекст, во комбинација со вистинската мерка на надворешен притисок/поддршка за решавање на спорот за името, ни дозволува да го живееме сценариото на најдобар случај за годината, што се нарекува **Низ иглени уши.**

## Искреноста е најдобрата политика

Досега на сите им стана јасно дека спорот со името не е формално дел од процесот на пристапување во ЕУ, но го попречуваше. Оттука, напредувањето кон ЕУ зависи/може да почне само со неговото решавање, како што Европската комисија правилно забележа во својот последен извештај: „Регионалната соработка и добрососедските односи претставуваат суштински дел од приближувањето на земјата кон ЕУ.“[9] Ова е јасен знак дека Европската комисија ги признава заложбите на Македонија за подобрување на односите со соседите, т.е. Бугарија и Грција. Очигледно, принципот на кој нè учеа нашите родители додека бевме деца дека „искреноста е најдобра политика“ се применува и во меѓународната политика и во меѓународните односи. Искрени влади кои спроведуваат искрени политики дефинирани во духот на слоганот „не станува збор за следните избори, туку за следните генерации“ за 11 месеци можат да направат чекори со кои го компензираат лудиот и изолационен период од речиси 11 години.

Резултатот на ваквата искрена политика конечно стана видлив на 12 јуни 2018 година. Во телефонски разговор, македонскиот премиер Зоран Заев и грчкиот премиер Алексис Ципрас се договорија за заеднички прифатливо решение на спорот за името.[10] Договорот за преименување на Република Македонија во Република Северна Македонија, со сите поврзани импликации, беше постигнат и потпишан од министрите за надворешни работи Димитров и Коѕијас во Преспа, на 17 јуни 2018 година.

Сега се наоѓаме во момент каде залогот е прилично висок, а Македонија е конечно на правиот пат да добие покана за членство во НАТО и успешно да се носи со товарот на преговорите за пристапување во ЕУ. Како што некои држави-членки сосема правилно истакнаа, Македонија нема спроведено голем дел од планираните реформи и затоа таа сè уште не е подготвена да се приклучи на ЕУ. Сепак, решавањето на спорот за името **ја менува играта.**[11]

## Еден чекор напред

Имајќи ги предвид резултатите од анкетното истражување **#Еврометар** 2018, станува повеќе од очигледно дека очекувањата на јавноста се врзани со она што може да се провлече низ **иглените уши.**

Македонија веќе чекори по зацртаниот пат за пристапување во ЕУ. Стратегијата на ЕУ за проширување со Западен Балкан, објавена на почетокот на февруари, ја наведува земјата како кандидатка која може да ги отвори пристапните преговори годинава. Таа ја користи Македонија како пример за да покаже напредок во регионот, и истовремено презентира механизми што ќе бидат применети за олеснување на спрове-

8 Веродостојна перспектива за проширувањето и зајакнат ангажман на ЕУ во државите од Западен Балка
9 Ибид, стр. 7
10 http://www.ekathimerini.com/229617/article/ekathimerini/news/the-full-transcript-of-the-greece-fyrom-deal
11 https://nezavisen.mk/en/news/2018/05/56922/

дувањето на стратегијата и на заедничката политика. Најважно, Стратегијата утврдува пакет нови критериуми што можат да се наречат Стразбуршки критериуми,[12] каде Македонија покажува одлични резултати. Земјата е единствата држава од Западен Балкан која во целост го исполнува третиот стразбуршки критериум, кој се однесува на постигнување **конечно решение за споровите со соседите.** На крај, во својот Извештај за 2018 година Европската комисија вели дека Македонија се придвижила еден чекор напред, и со тоа дава одговор на прашањето **„Зошто сега?“.**

За да ја видиме целата приказна зад тој одговор, подолу ги разгледуваме неговите пет компоненти.

# 5 ПРИЧИНИ ЗОШТО МАКЕДОНИЈА ТРЕБА ДА ГИ ПОЧНЕ ПРИСТАПНИТЕ ПРЕГОВОРИ

## 1 ЈАСНА И НЕУСЛОВЕНА ПРЕПОРАКА[13]

По долг период, Македонија повторно доби препорака за почеток на пристапните преговори. За разлика од претходната препорака, а посебно од препораките дадена во 2016 година, овогодинешната препорака е „јасна и неусловена“. Фразата „јасна и неусловена“ значи дека Европската комисија очекува Советот веднаш да ја разгледа и да донесе позитивен заклучок со одлука за отворање на пристапните преговори. Сепак, оваа игра со зборови е типична за бриселскиот говор и не им значи многу на обичните граѓани. Она што е важно за нив е моментот кога е дадена.

Од 2014 година, Македонија влезе во длабока политичка криза која, според зборовите на Европската комисија, претставуваше најтешката политичка криза од конфликтот во 2001 година. Кризата постојано се продлабочуваше, а нејзиното решавање воопшто не беше едноставно. Пред само 18 месеци, во својот претходен извештај за земјата, Европската комисија ја опиша Македонија како заробена држава. Овој термин се применува за навидум демократски држави кои се киднапирани од корупција и тесни лични интереси, најчесто преку усвојување авторитарни методи на владеење.

На 27 април мината година, гневна група насилници организирана од тогашната владејачка партија ВМРО-ДПМНЕ влегоа во Собранието и го загрозија уставниот поредок,[14] доведувајќи ја земјата на работ на војна. Една година подоцна, Европската комисија нотира позитивни промени во својот извештај за земјата. Извештајот вклучува пофалба за реформскиот процес, неговата инклузивност и општествениот дијалог, политичката волја за решавање на споровите со соседите, како и новата визија за иднината. Разликата со претходниот извештај е евидентна. Денес, Македонија е слободно општество со видлива политичка волја за реформи, која недостасуваше во минатото.

Сепак, Извештајот не ја опишува Македонија како земја во која тече мед и млеко. Напротив, таа е претставена на реален начин како земја што се соочува со бројни проблеми. Многу работа допрва треба да се направат, но процесот е долг и неговото отпочнување ќе стави поголем фокус на реформите и ќе генерира поголема јавна поддршка.

Притоа, најважната разлика од последниот извештај е во фактот дека општеството и институциите не ги игнорираат проблемите, туку се соочуваат со нив. И на Владата и на ЕУ им е сосема јасно дека пристапувањето ќе се случи само преку владеење на правото. ЕУ е партнер во реформскиот процес. Европската комисија признава дека конечно постои волја на високо ниво за движење напред. Исто така, таа е свесна дека направената штета не може лесно да се поправи. На крај, во отсуство на вистинска регионална приказна за успех, шансата што ја има Македонија мора да биде силно поддржана.

## 2 ГЛАД ЗА УСПЕШНА ПРИКАЗНА

Во иста линија, Извештајот на Европската комисија е сведоштво дека Брисел е „гладен“ за успешни приказни. Оваа година го означува крајот на мандатот на актуелниот состав на Европскиот парламент и на Европската комисија. На европските избори во мај 2019 година, сите политички групации ќе сакаат да се

12 ДНЕВНИК на пристапувањето, запис бр. 2:„Веродостојна стратегија за проширување со Западен Балкан“, стр. 4. Имено, во Стратегијата се вели дека: 1) со силна политичка волја, 2) преку испорака на реални и одржливи реформи, и 3) конечни решенија на споровите со соседите, овие земји можат да бидат потенцијално подготвени за членство во ЕУ во 2025 година.

13 https://kanal5.com.mk/vesti_detail.asp?ID=152327

14 http://www.pravda.gov.mk/documents/KRIVICEN%20ZAKONIK%20precisten%20%20tekst.pdf

претстават дека во текот на нивниот мандат успешно се справиле со сите предизвици. Се разбира, тие ќе сакаат да остават аманет на успех за нивните наследници. Кога тоа ќе се разгледа во однос на проширувањето, и пошироко, успешната приказна е токму тука, во Македонија, и може да се припише на комесарот Јоханес Хан, високата претставничка Федерика Могерини, и претседателот на Европскиот совет Доналд Туск. Судејќи според интензитетот на нивната вклученост и редовните посети на земјата во последните неколку години, слободно може да се зборува за посветеност и одлучност да се испорача тој успех.

Во претходно објавената Веродостојна стратегија за проширување со Западен Балкан, сите земји во регионот се опишани како системи кои покажуваат елементи на заробена држава. Оттука, Стратегијата предвидува серија инструменти кои треба да ги отстранат овие елементи, но се чини парадоксално очекувањето дека елитите кои ги заробиле своите држави ќе го сменат своето однесување. Со други зборови, вистинското прашање за регионот е како да се ослободат државите и да се зграпчи моментот. Приказната на Македонија е сосема поинаква. Комбинацијата на амбициозната и прилично иницијативната надворешна политика, набиената агенда за домашни реформи, и неколку од практиките на новата Влада, придонесоа сликата за Македонија во Брисел драстично да се промени, давајќи надеж дека на Балканот постојат политички елити кои промовираат поинакво однесување. Ова нова надеж и јасно постигнатиот успех е она што Брисел треба великодушно да го награди.

**м-р Андреја СТОЈКОВСКИ (Becario de AECI),**
**Постар истражувач-аналитичар,**
**Претседател на ЕВРОТИНК**
**Дипломирал право на универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а постдипломски магистерски студии по Право на Европската унија завршил на универзитетот Карлос III во Мадрид. Негово поле на истражувачки интерес ги вклучува: уставниот и политички систем на ЕУ, судство и темелни права, односите помеѓу ЕУ и Македонија, Шпанија и шпанска надворешна и европска политика, меѓународно и европско еколошко право итн. Од октомври 2009 до јуни 2016 бил предавач по предметот Структури и институции на ЕУ на универзитетот Американски колеџ - Скопје. Андреја Стојковски е дел од тимот на ЕВРОТИНК од 2007 година.**

## 3 ОПАСНОСТИ И РИВАЛИ

Големото проширување од 2004 година беше крунскиот успех на политиката за проширување на ЕУ. Тоа беше пресликано и во Солунската агенда, дури и пред големото проширување да ја помине крајната линија. Сепак, билатералните спорови, неправедната условеност и лошите компромиси што ги направи ЕУ влијаеја врз проширувањето со државите од Западен Балкан.

Во моментов, ЕУ се соочува со големи предизвици во државите од Западен Балкан. Тие потекнуваат од растечкиот евроскептицизам ширум Европската Унија, но и во државите од Западен Балкан, подемот на автократските режими во Југоисточна Европа, заканите за „европските вредности" и пробивот на руското влијание, како и влијанијата на Турција, Кина или на арапските, односно заливските држави.




Руското мешање во Македонија станува сè повидливо. Првиот **Руски центар**[15] во земјата беше отворен во 2016 година во рамки на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Оттогаш, отворен е најмалку уште еден културен центар во Битола, вториот град во земјата по големина, и приватен универзитет со два кампуси, во Битола и во Свети Николе. Меѓународниот славјански универзитет **„Гаврило Романович Державин"**[16] има воспоставено директна соработка со Руската Федерација, домаќин е на руски професори и нуди студиски програми со двојна диплома, што сугерира државно финансирање од Русија. На крај, од последната политичка криза во земјата, руското министерство за надворешни работи активно изразуваше загриженост за политичките развојни моменти во Македонија, во поддршка на автократската влада на ВМРО-ДПМНЕ. Во септември 2014 година, рускиот министер

**15** http://www.kultura.gov.mk/index.php/odnosi-so-javnost/novosti/2341-otvoren-ruski-centar-vo-sostavot-na-skopskiot-univerzitet
**16** https://msu.edu.mk/za-univerzitetot/slavjanski-denes/?lang=en

за надворешни работи Сергеј Лавров изјави дека проширувањето на НАТО со државите од Западен Балкан, т.е. Македонија и Црна Гора, Москва го смета за провокација.[17] Во текот на оваа година, изјавите на руското министерство за надворешни работи и руската амбасада во Скопје одат дотаму да сугерираат дека Македонија треба да размисли дали сака да се приклучи на НАТО,[18],додека советниците на претседателот Путин, Леонид Савин и Александар Дугин, во неколку наврати ја посетија руско-инсталираната политичка партија Единствена Македонија.[19] Странските директни инвестиции[20] од Русија се незначителни. Сепак, според резултатите на **#Еврометар** 2018, Русија се перципира како третиот најголем пријател на земјата. Тоа го покажува политичкиот пробив со мал трошок на руското ангажирање во Македонија.

Ситуацијата во однос на Турција е различна бидејќи таа има големо економско влијание и е еден од најголемите странски директни инвеститори.[21] Економските интереси на Турција се поголеми од оние на Русија, но и културното влијание е еднакво големо, ако не и поголемо. Културното влијание добива на важност поради големината на муслиманската заедница во Македонија и поради признавањето на уставното име Република Македонија[22], д Турција и во НАТО. Овој едноставен факт го има ефектот на принципот „непријателот на мојот непријател, е мој пријател“.[23].

Како што објаснивме претходно, Македонија е успешната приказна на Европската Унија, но потребата за справување со заробената држава и функционирањето на власта со многу тесно мнозинство во Собранието претставуваат сериозна закана за нереверзибилноста на промената. Следејќи го дискурсот на слични нелиберални гласови внатре во Европската Унија, а посебно во Унгарија, локалните националисти ги користат темите за миграција, како и одлучноста на Македонија да влезе во НАТО и во ЕУ, за сеење страв, поттикнување омраза и за создавање чувство на непријатност кај граѓаните. Ваквата атмосфера ја зајакнуваат странските влијанија од глобални играчи, како што се Руската Федерација, Турција или Кина, но и од некои авторитарни лидери во самата Европска Унија.[24] Македонија треба да го продолжи својот реформски процес и своето поврзување со западните либерални демократии. Треба да се осигури нереверзибилност на процесот и одржливост на реформите. Европската Унија треба да даде придонес во таа насока, бидејќи тоа е во нејзин интерес.

## 4 КОНСОЛИДАЦИЈА НАСПРОТИ ПРОШИРУВАЊЕ

Веродостојната стратегија за проширување со Западен Балкан[25] ја потврува и реафирмира европската перспектива на државите од Западен Балкан, и тоа го прави преку искрен преглед на состојбите во однос на проширувањето на ЕУ и иднината на политиката за проширување и на земјите од регионот. Ваквиот искрен приод покажува дека проширувањето со државите од Западен Балкан е во најдобар интерес на Европската Унија: „Ваквите изгледи за членство во ЕУ, врз основа на сопствените заслуги, за државите од Западен Балкан **претставуваат политички, безбедносен и економски интерес на Унијата“.**”[26] Оттука, Унијата треба да биде во можност да ги заштите своите интереси. Таа треба да биде во можност да го испорача она што го напишала во Стратегијата и она што е во најдобар интерес на Унијата, односно до 2025 година „[...] **Унијата мора да биде посилна и поцврста.“**[27]

Почнувајќи од југот и движејќи се во спротивна насока од стрелките на часовникот, Грција, Бугарија, Романија, Унгарија и Хрватска, и преку Јадранското море, Италија, сите делат граница со државите од Западен Балкан. Имајќи ја предвид неговата географска позиција, целиот регион е опкружен со држави-членки на ЕУ, со што се чини дека тој се наоѓа центарот на Унијата. Во онлајн верзијата на речникот Кембриџ терминот проширување се објаснува како процес во кој нешто станува поголемо, или правење нешто да биде поголемо,[28] и наведува дека синоними на овој термин се експанзија или протегање. Ова упатува на територијално проширување кон истокот и со земјите од источното соседство,[29] т.е. Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Грузија, Молдавија и Украина. Сепак, за Унијата да стане поголема таа не

**18** https://a1on.mk/archives/884967
**19** https://a1on.mk/archives/864470
**20** http://www.stat.gov.mk/Publikacii/3.4.9.01.pdf
**21** Ибид, стр. 18
**22** https://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_48830.htm
**23** http://www.eliamep.gr/wp-content/uploads/2018/04/Whats-in-a-name-Report-poll-on-name-issue-2018.pdf
**24** https://fokus.mk/kurir-stana-tselosno-ungarski/
**25** https://ec.europa.eu/commission/publications/eu-western-balkans-strategy-credible-enlargement-perspective_en
**26** https://ec.europa.eu/commission/sites/beta-political/files/communication-credible-enlargement-perspective-western-balkans_en.pdf
**27** Ibid, pg. 18
**28** https://dictionary.cambridge.org/dictionary/english/enlargement#dataset-business-english
**29** https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/neighbourhood/eastern-partnership_en

треба да се протега на исток, туку треба да го пополни празниот простор на Западен Балкан. Оттука, нема потреба овој процес да се смета за проширување, туку за консолидација.

Европската Унија треба да ја искористи можноста што толку великодушно се појави и претходно објаснетата ситуација за отворање на пристапните преговори со Македонија. На тој начин, таа ќе произведе одвратувачки ефект за демократската транзиција; ќе го зајакне својот капацитет како извезувач на демократија; и ќе се промовира себеси во посакуваната позиција на глобален играч, со тоа што ќе ги одбие ривалските центри на моќ во својот центар.

## 5 ПРЕГОВОРИТЕ ОЛЕСНУВААТ ВЛИЈАНИЕ НА ЕУ

Процесот на пристапување во ЕУ не завршува со отпочнувањето на пристапните преговори. Напротив, самите преговорите во просек траат речиси седум години. Анализата на големото проширување од 2004 година и на последователни бранови на проширување во 2007 и 2013 година покажува дека преговорите во просек траеле речиси шест години, или 70 месеци. Овој период го вклучува и времето потребно за ратификација на Договорот за пристапување од страна на постојните држави-членки. Во случајот на Црна Гора, земјата ги отвори пристапните преговори во јуни 2012 година, т.е. таа веќе преговара цели шест години без изгледи дека тие ќе бидат финализирани во догледно време. Од друга страна, Србија ги отвори пристапните преговори во јануари 2014 година и е многу далеку од нивно затворање. Ако оваа динамика се примени на Македонија, се чини дека преговорите веројатно би завршиле во 2024 година или една година подоцна, исто како што проектира Веродостојната стратегија објавена во февруари годинава. Тоа им дава доволно време на двете страни: на ЕУ - за институционална подготовка,[30], а на Македонија - да ги заврши реформите.

Кога зборуваме за претходните бранови на проширување, познато е дека влијанието што Европската Унија го има врз некоја земја во процес на пристапување останува силно сè до нејзиното пристапување во членство. Условеноста на целиот процес и позицијата на ЕУ за поттикнување на земјата во процес на пристапување со изгледите за членство, додека во исто време го условува нејзиниот натамошен напредок со постигнување сообразност со конкретното законодавство го гарантира влијанието на ЕУ. Од друга страна, ЕУ има влијание врз земјата во процес на пристапување само за време на процесот на пристапни преговори. По завршувањето на преговорите, односно кога земјата станува држава-членка, ваквото влијание престанува. За тоа постојат многу примери, како што се последните проширувања во 2007 година, со Бугарија и Романија, и во 2013 година, со Хрватска. Сепак, најочигледните примери се Полска и Унгарија, чиишто демократски транзиции во 1989 годија ја формулираа политиката за проширување на ЕУ, но денес ја тестираат издржливоста на Европската Унија под напливот на популизам и авторитаризам.

Извештајот укажува на пропустите во реформскиот процес на Македонија, исто како и француско-холандскиот нон-пејпер.[31] Повеќе од јасно е дека многу работи допрва треба да се направат. Сепак, процесот е долг и неговото отпочнување ќе ги зголеми и ќе одржи реформите и движечката сила за демократизација, а истовремено ќе го зачува влијанието што ЕУ го има врз Македонија и генерално. Ова е шанса што Европската Унија не смее да ја пропушти.




30 Ибид, стр. 24
31 https://www.libertas.mk/eden-non-pejper-tolku-golema-vreva/

25 години

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

За:

## ФООМ

Фондацијата Отворено општество - Македонија (ФООМ) веќе 25 години се залага за создавање динамично и толерантно општество, во кое граѓаните се силни, активни и вклучени, а властите се одговорни, отчетни и отворени за соработка. Мисијата на ФООМ е внатрешна интеграција како предуслов за интеграцијата на Македонија во Европската Унија.

ФООМ поттикнува и поддржува разни активности на граѓанското општество од градење капацитети, преку креирање јавни политики, до следење и застапување за социјални промени.

За решавање на нееднаквостите во општеството и за исполнување на потребите на различни групи, а посебно на младите, Ромите и социјално маргинализираните групи, ФООМ гради партнерства и соработува со локалните и централните власти, голем број граѓански организации и донатори.

Остануваме посветени на иницирање и учество во акции кои ја развиваат регионалната соработката меѓу фондациите и поширокото граѓанско општество во државите од Западен Балкан. Спроведуваме акции кои обезбедуваат критична дебата и различни мислења за горливи прашања, ги заштитуваат човековите права, го унапредуваат демократското владеење и го подобруваат животот на луѓето.

ЕВРОТИНК
ЦЕНТАР ЗА ЕВРОПСКИ СТРАТЕГИИ
CENTER FOR EUROPEAN STRATEGIES
EUROTHINK
eurothink.mk

About:

# ЕВРОТИНК

Евротинк е непрофитна, непартиска, тинк тенк организација основана во септември 2002 година. Членовите на Евротинк се сертификувани обучувачи за прашања поврзани со Европската унија, нејзините институции и политики од Фондацијата Инвент од Бон и Институтот за европски политики од Берлин во Сојузна Република Германија, како и обучувачи за пишување на документи за применета политика сертификувани од Иницијативата за локална власт на Институтот отворено општество од Будимпешта и професионалци кои придонесуваат за пристапувањето на Македонија во ЕУ и европеизацијата на општеството.

Евротинк го поддржува пристапувањето на Македонија во ЕУ и европеизацијата на општеството преку развивањето на јавни политики засновани на докази, регионална соработка и застапување за промени, како и професионална обука и советување.

Од своите почетоци, Евротинк има испорачано приближно 3.000 денови обука на повеќе од 12.000 претставници на јавната администрација, медиумите, граѓанското општество, судиите и обвинителите, политичките партии, локалната администрација итн.

Почнувајќи од 2007, Евротинк го промени својот фокус од обука кон тинк тенк организација сакајќи да го пополни очигледниот недостаток од експертиза за развој на јавни политики засновани на докази кои се во согласност со европските политики и стандарди.

Евротинк го следи процесот на пристапување, а со истражувањата се фокусира на политичките критериуми, поглавјето 23 - Судство и темелни права, како и на искористувањето на европските фондови. Организацијата до сега има објавено повеќе публикации кои се достапни електронски на нејзината веб страница. Евротинк работи со медиумите со цел да го подобри известувањето за процесот на пристапување на Македонија и подготвува алатки за да им помогне во разбирањето на процесот и дека истиот претставува внатрешна, а не надворешна политика.

25

години